# Involuntary patients

About your rights

# Принудни пациенти

За вашите права

Macedonian

## Краток преглед

Кога сте под наредба за принудно лекување или наредба за лекување во заедницата, вие:

- ќе имате план за лекување и можете да бидете вклучени во планирањето на вашето лекување
- имате право да добиете второ мислење од психијатар во врска со вашето лекување
- имате право да се жалите до Одборот за ревизија на душевно здравје против наредбата за вас
- имате право да добиете правен совет и да ве застапува правник
- можете да зборувате со пријател или член на семејството да ве застапува
- можете да се жалите за вашето лекување
- имате права според *Повелбата за човечки права и обврски*.

Можете да замолите член на тимот што ве лекува, пријател, член на фамилијата, правник, застапник или посетител од заедницата да ви помогне да ги сторите овие работи, или контактирајте со една од организациите наведени на крајот од оваа брошура.

## Содржина


| | |
|---|---|
| Наредби за принудно лекување | 2 |
| Лекување како внатрешен пациент | 3 |
| Наредби за лекување во заедницата | 4 |
| Жалба и ревизија: Одбор за ревизија на душевно здравје | 5 |
| Жалби | 8 |
| Важни контакти | 8 |


## Принудни пациенти

### За вашите права

Оваа брошура дава информации за наредбите за принудно лекување или за наредбите за лекување во заедницата и вашите законски права според *Законот за душевно здравје од 1986*. Член на тимот што ве лекува ќе разговара со вас за овие информации и ќе одговори на вашите прашања.

Информациите мора да бидат објаснети на јазик или начин што можете да го разберете. Оваа брошура е исто така преведена на повеќе јазици. Можете да прашате член на тимот што ве лекува дали е достапна на јазикот што вие го претпочитате.

Исто така достапни се примероци од оваа брошура на други јазици на интернет на www.health.vic.gov.au/mentalhealth

### Телефонска линија за информации

Можете да слушате краток снимен преглед од некои од клучните информации во оваа брошура, на повеќе јазици, јавувајќи се

на телефонската линија за информации.

Телефонските броеви се наведени на задната страна на оваа брошура.

Линиите се отворени 24 дневно, седум дена во неделата.

A Victorian Government initiative

State Government Victoria

Примероци од Законот за душевно здравје достапни се во службата за душевно здравје.

Ако во било кое време имате прашања во врска со овие информации или за вашите права, прашајте некој да ви објасни. Можете да прашате член на тимот што ве лекува, пријател, член на фамилијата, правник,застапник или посетител од заедницата.

### *Повелба за човечки права и обврски*

*Законот од 2006 за Викторискаta повелба за човечки права и обврски* се стреми да промовира и заштити одредени човечки права. Повелбата ги одредува заштитените права и бара од јавните служби за душевно здравје да делуваат согласно со тие права.

Исто така Повелбата прецизира кога и како можат правата да бидат ограничени со закон. На пример, според Законот за душевно здравје, вие можете да бидете задржани во Служба за душевно здравје ако е неопходно да се заштити вашето здравје или безбедност, или безбедноста на други. Меѓутоа, секое ограничување на вашата слобода и секое мешање во вашите права, приватност и самопочитување мора да се одржува на неопходниот минимум, зависно од околностите.

Ако имате некои прашања за Повелбата или за тоа како таа може да влијае врз вашето лекување, стапете во контакт со некоја од организациите наведени на крајот од оваа брошура.

## Наредби за принудно лекување

Наредби за принудно лекување се наредби според Законот за душевно здравје коишто им наложуваат на луѓето со душевна болест да добијат лекување за нивната болест. Лекар препорачал да бидете ставени под наредбата за принудно лекување, за да бидете лекувани од душевна болест. Според мислењето на докторот сите следни критериуми за принудно лекување од Законот за душевно здравје се однесуваат на вас:

- изгледате како да сте душевно болни (душевна болест е дефинирана во Законот како медицинска состојба што се карактеризира со значително растројство на мислата, расположението, расудувањето или меморијата); и
- вашата душевна болест налага навремено лекување и тоа лекување може да се добие со тоа што ќе бидете ставени под наредба за принудно лекување; и
- поради вашата душевна болест, принудното лекување е неопходно за вашето здравје или безбедност (било за да се спречи влошување на вашата телесна или душевна состојба, или за друго) или заради заштита на лица во јавноста; и
- вие или сте одбиле или не сте способни да се согласите на неопходното лекување; и
- нема помалку ограничувачки начин за да добиете соодветното лекување за вашата душевна болест.

### Почетна ревизија на наредбите за принудно лекување

Во рок од 24 часа откако сте ставени под наредбата, ќе ве прегледа психијатар од службата за ментално здравје, за да утврди дали сите овие услови се однесуваат на вас. Ако е така, психијатарот ќе ја потврди наредбата и вие ќе останете принуден пациент според Законот за душевно здравје.

Тогаш психијатарот или ќе ве упати во службата за душевно здравје или за вас ќе направи наредба за лекување во заедницата. Ако тоа е можно, вие ќе бидете лекувани во заедницата. Ако сте примени како внатрешен пациент, мора да останете во службата за душевно здравје. За повеќе информации, прочитајте го делот од оваа брошура за лекување како внатрешен пациент. Ако психијатарот направи за вас наредба за лекување во заедницата, прочитајте го делот за наредби за лекување во заедницата.

Ако психијатарот не верува дека сите услови за принудно лекување важат за вас, наредбата за принудно лекување ќе биде укината. Можете да разговарате за продолжување на лекувањето на доброволна основа со лицето што го води вашиот случај или психијатарот. Ако сте биле внатрешен пациент, и вие и вашиот психијатар сметате дека ќе имате корист од понатамошно лекување во службата за ментално здравје, можете да побарате да останете на доброволна основа.

Ако имате некакви прашања во врска со ревизијата извршена од психијатарот, како на пример кога психијатарот ќе ве посети, прашајте член на тимот што ве лекува.

## Лекување

Вашиот психијатар ќе подготви план за лекување кој е приспособен да ги задоволи вашите посебни потреби. Можете да учествувате во планирањето на вашето лекување, а вашиот психијатар ќе го земе предвид она што го претпочитате и она што ве загрижува. Исто така психијатарот ќе ги земе предвид желбите на било кој старател, член на фамилијата или главен негувател, кој е вклучен во пружањето на постојана нега за вас (освен ако одбивате), било кои значајни алтернативни третмани и било кои значајни ризици од лекувањето.

Ако вашиот психијатар верува дека одредено психијатриско лекување е неопходно, тоа лекување ќе биде применето дури и ако вие одбивате. Ако тоа се случи, вашиот психијатар ќе објасни зошто лекувањето е неопходно. Вашиот психијатар или друг член на тимот што ве лекува ќе разговара со вас за планот на лекување и ќе ви даде примерок од него.

Вашиот психијатар и други членови на тимот што ве лекува, редовно ќе разговараат со вас за вашата дијагноза, лекарства, методи на лекување, алтернативни третмани и служби на располагање. Тие редовно ќе го ревидираат и обновуваат планот на вашето лекување.

Пријател или застапник може да биде со вас кога разговарате со вашиот психијатар за вашето лекување.

Членови на фамилијата и други лица што пружат нега можат да овозможат значајна поддршка и нега додека се лекувате од вашата болест.

Општо земено, ним ќе им бидат дадени информации за вашето лекување и нега само ако вие се согласите. Меѓутоа, ако на старателот, член на семејството или вашиот главен негувател му се потребни информации за да ве негуваат, член на тимот што ве лекува може да му ги даде тие информации, дури и ако вие не се согласувате.

## Второ мислење

Имате право да побарате второ мислење во врска со вашата психијатриска состојба и лекување. Лицето што го води вашиот случај или психијатарот може да го организираат тоа во склоп на службата за душевно здравје или може да ви помогнат да одберете свој психијатар. Ако одберете приватен психијатар можеби ќе треба да платите одреден хонорар. Можете да разговарате за второто мислење со психијатарот што ве лекува; меѓутоа психијатарот што ве лекува е надлежен за донесување на последната одлука за лекувањето кое го добивате.

## Пристап до информации

Според законите за слобода на информирањето, имате право да побарате пристап до документите за вашите лични информации што се чуваат во службата за душевно здравје. Ако сакате пристап до информациите, можете да се обратите до член на тимот што ве лекува или до службеникот на службата за душевно здравје, задолжен за слобода на информирањето, за да ви помогне да поднесете барање.

Организации што би можеле да ви помогнат да поднесете барање за слобода на информирањето се наоѓаат на крајот од оваа брошура.

# Лекување како внатрешен пациент

Овој дел од брошурата содржи информации за вашите права ако сте примени во службата за душевно здравје под наредба за принудно лекување.

## Отсуство

Може да ви биде дозволено да ја напуштите службата за душевно здравје за кратко време (на пример, на неколку часа, преку ноќ или за викенд) за да посетите роднини или пријатели или заради некоја друга причина. Ако сакате да отсуствувате, треба да разговарате со член на тимот што ве лекува. Вашиот психијатар ќе ја донесе конечната одлука во врска со вашето барање за отсуство.

## Изолација и ограничување

### Изолација

Изолација е кога едно лице се чува само во соба во која вратите и прозорците се затворени однадвор. Ова се случува само ако е неопходно да се заштити пациентот или други лица од непосреден или претстоен ризик по нивното здравје или безбедност, или да се спречи лицето да избега. Се користи само кога други начини за осигурување на безбедноста биле неуспешни.

### Механичко ограничување

Механичко ограничување е користење на помагала, како на пример, појас или лента, за да се ограничи слободата на движење на лицето. Ограничувањето може да се примени за да се овозможи пациентот да биде лекуван, да се спречи тој да се повреди себеси или други, или да се спречи лицето постојано да уништува имот.

### Одобрување и набљудување на изолацијата и механичкото ограничување

Изолација и ограничување може да биде одобрено од вашиот психијатар или, во итен случај, одобрено од главната дежурна медицинска сестра. Тие може да се применат само додека постојат горенаведените причини.

Ако сте ставени во соба за изолација или ограничени, персоналот мора да ви даде соодветна постелнина, алишта, јадење и пијалок во соодветно време. Кога сакате јадење и пијалок можете да побарате од персоналот. Исто така тие мора на соодветен начин да го организираат вашето користење на клозетот, вклучувајќи ја и можноста да се измиете.

Медицинска сестра мора да ја провери вашата телесна и душевна состојба најмалку на секои 15 минути. Исто така мора да ве прегледа лекар најмалку на секои четири часа, освен ако вашиот психијатар смета дека е соодветно прегледите да бидат поретки. Ако сте ограничени, мора да бидете под постојан надзор.

### Писма и телефонски повици

Може да контактирате со луѓето со писма или по телефон. Вашата пошта нема да биде отворана.

### Префрлување

Можеби ќе бидете префрлени во друга служба за душевно здравје ако вашиот психијатар смета дека префрлувањето ќе ви користи или ако е тоа неопходно за вашето лекување. Ако не сакате да ве префрлат, треба да разговарате со вашиот психијатар или можете да се жалите до Одборот за ревизија на душевно здравје. Ако сте префрлени пред да биде разгледана жалбата, Одборот ќе одлучи дали треба да се вратите во првобитната служба кога ќе ја разгледа жалбата.

### Наредби за лекување во заедницата

Ако вашиот психијатар верува дека можете да живеете во заедницата додека го добивате третманот што ви е потребен, може да бидете ставени под наредба за лекување во заедницата.

За да дознаете повеќе за тие наредби, прочитајте го делот од оваа брошура за наредби за лекување во заедницата и побарајте од некој член на тимот што ве лекува да ви ги објасни тие наредби.

### Укинување на статусот на принуден пациент

Ако вашиот психијатар смета дека било кои од условите за принудно лекување повеќе не важат за вас, вашиот статус на принуден пациент мора да биде укинат и ќе можете слободно да си заминете. Меѓутоа, ако и вие и вашиот психијатар сметате дека ќе ви користи понатамошно лекување во службата за душевно здравје, може да побарате да останете во службата на доброволна основа.

Ако во било кое време сакате вашиот статус на принуден пациент да биде укинат, треба да разговарате со вашиот психијатар или други членови на тимот што ве лекува, или можете да се жалите до Одборот за ревизија на душевно здравје. Без оглед на тоа дали ќе поднесете жалба или не, Одборот прво ќе ја разгледа наредбата во рок од осум недели од кога сте станале принуден пациент и оттогаш најмалку секои 12 месеци, ако продолжите како принуден пациент. Вашиот психијатар исто така редовно ќе ве прегледува, за да утврди дали треба да бидете отпуштени.

## Наредби за лекување во заедницата

Овој дел од брошурата содржи информации за вашите права, ако се наоѓате под наредба за лекување во заедницата.

Наредби за лекување во заедницата (CTOs) се наредби што се донесуваат според Законот за душевно здравје, кои им овозможуваат на принудните пациенти да живеат во заедницата, додека се лекуваат за нивната душевна болест.

Ако вашиот психијатар верува дека можете да го добивате лекувањето што ви е потребно додека живеете во заедницата, може да бидете ставени под наредба за лекување во заедницата (CTO). И понатаму ќе бидете принуден пациент, под наредба за принудно лекување, иако живеете во заедницата под наредба за лекување во заедницата.

### Планирање на наредбата за лекување во заедницата

Вашиот психијатар ќе разговара со вас за наредбата за лекување во заедницата и ќе подготви нов план за лекување. Вие можете да бидете вклучени во планирањето на вашата наредба и планот за вашето лекување.

Планот за лекување ќе вклучува проценка на вашите потреби за продолжување на лекувањето и поддршка во заедницата и за најдобриот начин на кој тие потреби може да бидат задоволени. Она што го претпочитате ќе биде земено предвид. На пример, можеби имате некој посебен лекар што сакате да ја надгледува наредбата.

Вашиот психијатар или друг член на тимот што ве лекува ќе разговара со вас за вашиот план за

лекување и ќе ви даде примерок. Планот ќе содржи:

- краток преглед на вашето лекување
- името на психијатарот што ќе го контролира вашето лекување
- името на лекарот што ќе го надгледува вашето лекување
- името на лицето што го води вашиот случај
- местото и времето кога ќе треба да го примате лекувањето
- колку често лекарот што го надгледува вашето лекување мора да поднесува извештај за вашето лекување на психијатарот што го контролира лекувањето
- сè друго што вашиот психијатар смета дека е соодветно

### Услови на наредбата за лекување во заедницата

Ќе ви биде даден примерок од наредбата за лекување во заедницата (СТО). Во него ќе биде наведено колку долго ќе трае наредбата, не подолго од 12 месеци. Понекогаш во наредбата се наведува каде мора да живеете, ако тоа е неопходно за лекувањето на вашата болест. Вашиот психијатар може одвреме навреме да ги променува тие услови и ќе разговара со вас за причините околу тоа.

Ако не сте задоволни со било кој од условите, треба да разговарате со член на тимот што ве лекува или може да се жалите до Одборот за ревизија на душевното здравје. Вашиот психијатар може да ја продолжи наредбата за лекување во заедницата, ако условите за принудно лекување сеуште важат за вас и лекувањето што ви е потребно може сеуште да биде добиено преку наредбата. Ако вашата наредба е продолжена, Одборот за ревизија на душевно здравје ќе го разгледа продолжувањето.

Ако вашиот психијатар не ја продолжи вашата наредба за лекување во заедницата, тој ќе престане да важи и вие нема повеќе да бидете принуден пациент.

### Отповикување на наредбата за лекување во заедницата

Ако не се придржувате кон вашата наредба или вашиот план за лекување, членови на тимот што ве лекува ќе се обидат да ви помогнат да се придржувате кон нив. Меѓутоа, ако вие и понатаму не се придржувате, а постои значителна опасност дека вашето здравје ќе се влоши поради вашето непридржување, вашиот психијатар може да ја отповика наредбата за лекување во заедницата и мора да се вратите во службата за душевно здравје за да се лекувате.

Вашата наредба за лекување во заедницата може исто така да биде отповикана ако вашиот психијатар смета дека вашата болест подобро ќе се лекува во служба за душевно здравје.

Ако вашата наредба за лекување во заедницата е отповикана, ќе бидат вложени разумни напори тоа да ви се каже, а потоа мора да одите во службата за душевно здравје.

### Укинување на наредбата за лекување во заедницата

Ако вашиот психијатар смета дека било кој од условите за принудно лекување повеќе не важи за вас, вашата наредба за лекување во заедницата мора да биде укината, како и вашиот статус на принуден пациент. Со лицето што го води вашиот случај или со психијатар можете да разговарате за да продолжите со лекување на доброволна основа.

Ако во било кое време сакате вашата наредба за лекување во заедницата да биде укината, треба да разговарате со вашиот психијатар или со другите членови на тимот што ве лекува, или можете да поднесете жалба до Одборот за ревизија на душевно здравје. Без оглед на тоа дали ќе се жалите или не, Одборот прво ќе ја разгледа наредбата во рок од осум недели од кога сте станале принуден пациент, а потоа најмалку на секои 12 месеци ако продолжите како принуден пациент. Вашиот психијатар исто така редовно ќе ве прегледува за да утврди дали вашата наредба треба да биде укината.

## Жалба и ревизија: Одбор за ревизија на душевно здравје

Овој дел од брошурата содржи информации за вашите права на жалба и ревизија од страна на Одборот за ревизија на душевно здравје

### Функциите на Одборот

Одборот за ревизија на душевно здравје е независен трибунал кој:

- ги разгледува жалбите на принудните пациенти кои се под наредби за принудно лекување или наредби за лекување во заедницата, кои сакаат наредбата да биде укината
- врши ревизија на сите принудни пациенти во рок од осум недели откако се ставени под наредба за принудно лекување, за да одлучи дали нивната наредба треба да биде укината
- врши ревизија на сите принудни пациенти најмалку на секои 12 месеци за да одлучи дали нивната наредба треба да биде укината

- разгледува жалби на пациенти кои не сакаат да бидат префрлени во друга служба за душевно здравје
- го преразгледува продолжувањето на сите наредби за лекување во заедницата.

При секоја жалба или ревизија, Одборот исто така ќе го разгледа вашиот план за лекување.

## Вашето право да поднесете жалба до Одборот

Имате право во секое време да поднесете жалба до Одборот за ревизија на душевно здравје. Ако сакате да поднесете жалба, побарајте жалбен формулар од некој член на тимот што ве лекува, пополнете го и замолете некој членот на тимот да го испрати до Одборот. Ако жалбен формулар не е достапен, можете да ја напишете жалбата во облик на писмо или испратете ја како електронско писмо до Одборот, наведувајќи го вашето име, името на службата за душевно здравје и за што сакате да се жалите.

Одборот мора веднаш да ја разгледа вашата жалба. Ако ви треба помош во пополнувањето на формуларот или помош за нешто друго, замолете член на тимот што ве лекува, пријател, член на семејството, правник или посетител од заедницата да ви помогне.

## Податоци за контакт на Одборот

За да испратите факс, писмо или електронско писмо до Одборот или за да дознаете повеќе информации, искористете ги подолу наведените податоци за контакт:

Executive Officer
Mental Health Review Board
Level 30, Marland House
570 Bourke Street, Melbourne Victoria 3000

Телефон: 8601 5270
Бесплатен повик: 1800 242 703
Факс: 8601 5299

Електронска пошта: mhrb@mhrb.vic.gov.au
Веб страница: www.mhrb.vic.gov.au

## Подготвување за разгледувањето пред Одборот

Одборот ќе ви испрати известување во кое ќе бидат наведени датумот, времето и местото каде што ќе се разгледува вашата ревизија или жалба. Вашиот психијатар и лицето што го води вашиот случај исто така ќе бидат известени за разгледувањето. Имате право да присуствувате на разгледувањето, освен ако Одборот одлучи дека тоа ќе биде лошо за вашето здравје. Пожелно е да присуствувате и да го претставите вашиот случај и можете да имате некого што ќе присуствува да ви даде поддршка или да зборува во ваше име, на пример застапник, правник, приватен лекар, пријател или член на семејството. Ако не сте способни да присуствувате на разгледувањето, треба да го известите Одборот колку што е можно поскоро.

Пред разгледувањето, прочитајте ги документите што ќе им бидат дадени на Одборот за разгледувањето на вашиот случај (видете подолу) и размислете што ќе му речете на Одборот. Исто така можеби ќе сакате да му дадете писмени информации на Одборот. Можеби вашето семејство и пријатели или некој којшто го почитувате сакаат да напишат писма или да дојдат на разгледувањето, во поддршка на вашата жалба или ревизија.

Ако имате посебни потреби, како на пример потреба за преведувач,околу тоа треба да разговарате со член на тимот што ве лекува или да се обратите до Одборот. Одборот ќе организира да има преведувач ако тоа е неопходно.

Организациите коишто би можеле да ви помогнат околу жалбата или ревизијата се наведени на крајот од оваа брошура.

## Пристап до документи за разгледувањето

Вам или на вашиот претставник ќе ви биде дадена можност да ги прочитате сите документи што треба да му се дадат на Одборот за разгледувањето на вашиот случај, вклучувајќи го вашиот здравствен картон и извештајот од психијатарот до Одборот, најмалку 24 часа пред разгледувањето. Меѓутоа, вашиот психијатар може да побара од Одборот за да спречи да видите некој документ или дел од документ ако се смета дека:

- увидот во документот ќе му нанесе сериозна штета на вашето здравје или на здравјето или безбедноста на друго лице

или

- информациите во документот биле дадени во доверливост или се лични информации за друго лице.

Ако е поднесено барање да бидете спречени да видите некој документ или дел од документ, член на тимот што ве лекува ќе ви го каже тоа и ќе ви ја објасни постапката. Одборот ќе ја донесе конечната одлука дали ќе го видите целосно документот или дел од документот или нема да видите ништо од документот.

Ако Одборот одлучи дека не треба да видите некој документ или дел од некој документ, може да му дозволи на вашиот претставник да го види наместо вас.

## Состанок на Одборот

Состаноците се одржуваат или во болници или во служби за душевно здравје во заедницата. На состаноците вашиот случај обично ќе го разгледуваат три члена на Одборот: правник, психијатар и член на заедницата. Ако разгледувањето на случајот е годишната ревизија на наредбата за ваше принудно лекување или ревизија на продолжувањето на наредбата за ваше лекување во заедницата, може да биде спроведено од едно лице: правник, психијатар или член на Одборот од заедницата.

Разгледувањето на случајот ќе биде неформално и приватно, освен ако Одборот одлучи дека е во ваш најдобар интерес или во јавен интерес рагледувањето да биде отворено. Вашиот лекар и други членови на тимот што ве лекува ќе му дадат информации на Одборот. Вие и вашиот претставник ќе можете да поставувате прашања и да ја објасните вашата страна на случајот, на пример, зошто вие сметате дека не треба да бидете под наредба за принудно лекување.

При донесувањето на одлука, Одборот првенствено ќе ја разгледа вашата сегашна душевна состојба, а исто така ќе ја земе предвид вашата здравствена и психијатриска историја и вашите социјални околности.

Ако сте внатрешен пациент и сте премногу болен за да присуствувате на разгледувањето, Одборот може да ве посети во одделот каде што се лекувате.

## Одлуката на Одборот за жалба или ревизија на принудниот статус

Одборот мора да одлучи дали сите услови за принудно лекување сеуште важат за вас.

### Укинување на принудниот статус

Ако било кој од условите за принудно лекување не важи, вашата наредба за принудно лекување ќе биде укината и нема да бидете принуден пациент. Ако бевте под наредбата за лекување во заедницата, таа наредба ќе биде исто така укината. Можете да разговарате за продолжување на лекувањето на доброволна основа со лицето кое го води вашиот случај или со психијатар. Ако сте биле внатрешен пациент, ќе можете слободно да ја напуштите службата за душевно здравје, меѓутоа ако и вие и вашиот психијатар сметате дека ќе ви користи понатамошно лекување во службата за душевно здравје, можете да побарате да останете на доброволна основа.

### Продолжување на принудниот статус

Ако Одборот одлучи дека сите услови за принудно лекување сеуште важат за вас, вие ќе продолжите да бидете лекувани како принуден пациент. Ако сте внатрешен пациент и Одборот смета дека можете да го добиете лекувањето што ви е потребно преку наредба за лекување во заедницата (СТО), тој може да му наложи на вашиот психијатар да ве стави под наредба за лекување во заедницата. Ако сте под наредба за лекување во заедницата, Одборот може да ги промени условите на наредбата. Ако Одборот ја отповика вашата наредба за лекување во заедницата, мора да се вратите во службата за душевно здравје.

Одборот исто така ќе го разгледа и вашиот план за лекување за да одлучи дали биле следени соодветните процедури при изработка на планот. На пример, дали биле земени предвид вашите желби и дали психијатарот разгледал алтернативни лекувања? Одборот мора да биде уверен дека службата за душевно здравје може да го примени планот.

На крајот на разгледувањето, Одборот ќе ве извести за својата одлука и причините за неа. Ќе ви биде даден писмен примерок од одлуката. Ако сакате да ги добиете причините за одлуката во писмена форма, мора истото да го побарате од Одборот во писмена форма во рок од 28 дена, а Одборот мора да ви даде изјава за причините во рок од 14 дена од вашето барање. Можете повторно да се жалите до Одборот во секое време.

## Ревизија на одлуката на Одборот

Ако не се согласувате со Одлуката на Одборот можете да се обратите до Викторискиот граѓански и административен трибунал (VCAT) со барање за ревизија на одлуката на Одборот. Трибуналот е независен и има право да ја потврди или отфрли одлуката на Одборот.

Барањата мора да се поднесат писмено во рок од 28 дена од примањето на одлуката на Одборот или, ако сте побарале објаснување од Одборот за причините, во рок од 28 дена од примање на таа изјава, до:

Victorian Civil and Administrative Tribunal
General List
55 King Street, Melbourne Victoria 3000

Телефон: 9628 9755
Факс: 9628 9788

Организациите кои што можат да ви помогнат со некое барање се наведени на крајот од оваа брошура.

## Жалби

Треба да бидете третирани со достоинство и со почит и да бидете заштитени од злоупотреба кога ви се пружи лекување и нега од службата за душевно здравје. Ако не сте задоволни со било кој дел од вашето лекување или нега, можете да се жалите. Најдобро е да почнете со лицето кое го раководи вашиот случај, главната медицинска сестра или друг член на тимот што ве лекува, службеникот за врски во случај на жалби или советникот за корисниците во болницата, или Директорот на психијатрија во службата за душевно здравје.

Исто така можете да се жалите директно до Началникот на здравствени служби на телефон 8601 5200 или до Главниот психијатар на 1300 767 299.

Ако ви е потребна помош во врска со вашата жалба, замолете некој во кого имате доверба да ви помогне. Тоа може да биде член на тимот што ве лекува, пријател, член на семејството, правник или посетител од заедницата

## Важни контакти

Подолу се наведени организациите со кои можете да стапите во контакт за помош и повеќе информации.

- **Одборот за ревизија на душевно здравје (Mental Health Review Board)** е независен трибунал, кој ги разгледува жалби на пациентите што се лекуваат принудно, пациенти што се под наредба на принудно лекување и пациентите под надзор, кои сакаат да им биде укинат нивниот статус на принудно лекување. Тој исто така автоматски врши ревизија на случаите на овие пациенти.

  30. кат, Marland House,
  570 Bourke Street, Melbourne 3000
  Телефон: 8601 5270
  Бесплатен повик: 1800 242 703
  Факс: 8601 5299
  Електронска пошта: mhrb@mhrb.vic.gov.au
  Веб страница: www.mhrb.vic.gov.au
- **Посетители од заедницата (Community visitors)** јсе лица кои ги посетуваат службите за душевно здравје барем еднаш месечно за да ја разгледаат соодветноста на службите и објектите за лекување и нега на пациенти, ги испитуваат поплаките и известуваат за нивното разгледување и испитување.

  5. кат, 436 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9603 9500
  Бесплатен повик: 1300 309 337
- **Правниот центар за душевно здравје (Mental Health Legal Centre)** е независна правна служба специјализирана за правни прашања во врска со душевното здравје. Таа може да уреди да бидете застапувани на состаноците на Одборот за ревизија на душевно здравје или да ви даде совет во врска со други правни работи.

  9. кат, 10–16 Queen Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9629 4422
  Бесплатен повик: 1800 555 887
- **Викториска правна помош (Victoria Legal Aid)** овозможува бесплатни правни совети за разни прашања. Може исто така да овозможи правна помош доколку не можете да си дозволите приватен адвокат и може да ви помогне со правно застапување на состаноците со Одборот за ревизија на душевното здравје.

  350 Queen Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9269 0234
  Бесплатен повик: 1800 677 402
- **Јавниот застапник (Public Advocate)** помага, советува и застапува лица со сериозни жалби во врска со службите за душевно здравје и онеспособени лица и во врска со лекувањето.

  5. кат, 436 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9603 9500
  Бесплатен повик: 1300 309 337
- **Викториската комисија за човечки права и еднакви можности (Victorian Equal Opportunity and Human Rights Commission)** им помага на луѓето да ги разрешат жалбите во врска со дискриминација, има посебни функции во врска со *Повелбата за човечки права и обврски* и може да дава совети во врска со повелбата. Услугите вклучуваат линија за распрашување, како и доверлива, бесплатна и објективна служба за решавање на жалбите.

  3. кат, 380 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9281 7100
  Бесплатен повик: 1800 13 41 42
  Веб страница: www.humanrightscommission.vic.gov.au
- **Главниот психијатар (Chief Psychiatrist)** е виш службеник на Одделот за општествени услуги, назначен според Законот за душевно здравје, со посебни надлежности во однос на лицата кои добиваат услуги во врска со душевното здравје. Тоа вклучува и право да испитува жалби и други прашања и да преземе неопходни дејствија.

  50 Lonsdale Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9096 7571
  Бесплатен повик: 1300 767 299
- **Началникот на здравствените служби (Health Services Commissioner)** е независен началник кој ги испитува и помага во решавањето на поплаките од корисниците на здравствената нега во врска со здравствените услуги, вклучувајќи ги и службите за душевно здравје. Началникот може да му помогне на пациентите да добијат пристап до нивните здравствени информации.

  30. кат, 570 Bourke Street, Melbourne 3000
  Телефон: 8601 5200
  Бесплатен повик: 1800 136 066

- **Правобранителот (Ombudsman)** ги испитува поплаките во врска со државните оддели.
  3. кат, 459 Collins Street, Melbourne 3000
  Телефон: 9613 6222
  Бесплатен повик: 1800 806 314

Исто така можете да го прашате лицето што го води вашиот случај или некој член на тимот што ве лекува за други локални организации и групи за поддршка што можат да ви помогнат.

## Печатени брошури од серијата 'За вашите права':

- Принудни пациенти *(Involuntary patients)*
- Наредби за ограничено принудно лекување *(Restricted involuntary treatment orders)*
- Пациенти под надзор *(Security patients)*
- Форензички пациенти *(Forensic patients)*
- Електроконвулзивна терапија *(Electroconvulsive therapy)*
- Големо непсихијатриско лекување *(Major non-psychiatric treatment)*
- Наредби за надгледување без надзор *(Non-custodial supervision orders)*

## Други брошури од серијата 'За вашите права':

- Форензички пациенти (во затвор и со налог за преодно отстранување) *(Forensic (remand and interim disposition order) patients)*
- Продолжено лекување (дел 12А-12D) принудни пациенти *(Continuing treatment (section 12A-12D) involuntary patients)*
- Наредби за проценување и дијагноза, наредби за проценување и лекување *(Assessment orders and diagnosis, assessment and treatment orders)*
- Психохирургија *(Psychosurgery)*

Овие и други брошури се достапни во голем број на интернет на www.health.vic.gov.au/mentalhealth.

Одредени брошури се исто така достапни на други јазици.

## Телефонска линија за информации

Може да слушате снимен краток преглед за некои од најважните информации од оваа брошура на повеќе јазици ако се јавите на телефонската линија за информации.

Линиите се отворени 24 часа дневно, седум дена во неделата.

| | |
|---|---|
| Англиски | 9679 9838 |
| Арапски | 9679 9825 |
| Камбоџански | 9679 9826 |
| Кантоншки | 9679 9827 |
| Хрватски | 9679 9828 |
| Грчки | 9679 9829 |
| Италијански | 9679 9830 |
| Македонски | 9679 9831 |
| Мандарински | 9679 9837 |
| Српски | 9679 9834 |
| Сомалиски | 9679 9832 |
| Шпански | 9679 9833 |
| Турски | 9679 9835 |
| Виетнамски | 9679 9836 |

Издание на Одделот за ментално здравје и дрога при Министерството за хумани служби на Владата на Викторија, Мелбурн, Викторија, Австралија.

© Авторски права на Државата Викторија, Министерство за хумани служби, 2008.

Ова издание може да се умножува делумно или во целост под услов да се наведат авторските права.

Септември 2008 (080519)

Одобрено од Владата на Викторија, Мелбурн

**Дали оваа брошура ви треба во друг формат?**

Ако оваа брошура ви треба во друг формат, разговарајте со службеникот задолжен за вашиот случај (case manager) или било кој член на тимот што ве лекува.

State Government Victoria Department of Human Services